Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-38/13
13.07. 2021 год.
СКОПЈЕ

**О Д Л У К А**

за отфрлање на претставката поради недопуштеност

До Комисија за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка со архивски број 0801 – 38 од 24.06.2020 година поднесена од [redacted] против ПО Центар.

Врз основа на фактот што тогашниот Закон за спречување и заштита од дискриминација беше укинат од страна на Уставниот суд на Република Северна Македонија со Одлука У.Бр.115/2019, сите претставки поднесени до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во периодот од 14ти мај до 30ти октомври 2020 година не произведуваат правно дејство врз основа на фактот што во тој период формално не постои закон кој ја регулира оваа материја.

Врз основа на ова, до подносителката на 26.05.2021 беше пратено известување во кое од странката се бараше повторно да ја поднесе претставката за мислење од страна на новоформираната Комисија за спречување и заштита од дискриминација.

Бидејќи, подносителката во разумен рок од 40 дена повторно не ја поднесе претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација донесе **одлука со која ја отфрла претставката поради недопуштеност.**

Скопје

13.07.2021

Член на Комисија за спречување и
заштита од дискриминација

Кире Василев

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Скопје